Iskra Medical



Elmed




# СОДРЖИНА


- ЗА ЕЛМЕД 2
- ЕЛЕКТРОТЕРАПИЈА 3
- УЛТРАЗВУЧНА ТЕРАПИЈА 4
- МАГНЕТОТЕРАПИЈА 5
- ФУНКЦИОНАЛНА МАГНЕТНА СТИМУЛАЦИЈА - ФМС 6
- ВАКУУМСКА ТЕРАПИЈА 8
- РАДИЈАЛНА ЕНДОДЕРМНА ТЕРАПИЈА 8
- КРИО ТЕРАПИЈА 9
- ТЕРАПИЈА СО РАДИОФРЕКВЕНЦА 9
- ЛАСЕРСКА ТЕРАПИЈА 10
- ШОКВЕЈВ – ТЕРАПИЈА СО УДАРЕН БРАН 10
- ЛИМФНА ДРЕНАЖА 11
- ПРЕНОСНИ УРЕДИ ЗА ФИЗИКАЛНА ТЕРАПИЈА 12
- КОЛИЧКИ ЗА АПАРАТИ И ПРЕНОСНИ КРЕВЕТИ ЗА МАСАЖА 13

# ЕЛМЕД

## ВАШ СИГУРЕН ПАРТНЕР

**Елмед д.о.о. Скопје е компанија која ја гради својата успешна приказна на македонскиот пазар уште од 1991 година. Дејноста и активностите ги започнува во секторот на индустријата и индустриското обележување каде сè уште дејствува како водечка куќа во Македонија за во 1995 година својата експертиза ја прошири и во доменот на продажба, инсталација, сервис и целокупна техничка поддршка на апарати во медицинскиот сектор.**
**Присуството во медицинскиот сектор го подвлекува преку застапништвото на медицинска опрема на два водечки брендови:**
**ISKRA MEDICAL, Словенија – опрема за физикална терапија, рехабилитација, спортска и естетска медицина.**
**SCHILLER AG, Швајцарија – опрема за кардио – пулмонарна дијагностика.**

## ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ

**Квалитетот е клучната причина во постигнувањето и одржувањето на високо ниво на доверливост од страна на клиентите во однос на нашата компанија вклучувајќи ги и брендовите кои ги застапуваме и истиот претставува платформа за постигнување на одржлив раст и развој. Таа доверба се темели на квалитетот и реномето, како и на високите стандарди креирани низ текот на годините. Квалитетното работење претставува основна определба на ЕЛМЕД која што својот лик го добива со воведување на Системот за управување со квалитет (QSM) за потребите на исполнување на стандардите.**

## МИСИЈА И ВИЗИЈА

**Иднината припаѓа на модерните и иновативни компании кои грижливо планираат и стратешки управуваат со својата работа. Нашата мисија е константно усвојување на нови знаења, следење и имплементација на сите техничко-технолошки достигнувања и пласиман на производ соодветен на потребите на клиентот кој ќе овозможи давање на најпрофесионална услуга.**
**Нашата визија е да бидеме препознатливи и ценети како лидери во областа на медицината преку квалитетот и поддршката на медицинската опрема и апарати.**

## ПРОДАЖБА, ТЕХНИЧКА СЛУЖБА И ПОДДРШКА

**Тимот на ЕЛМЕД е составен од вредни, амбициозни и стручни лица кои го имплементираат своето знаење во доменот на продажба, поддршка и техничка служба 24/7 сè со цел производите и услугите да ги оправдаат очекувањата на пазарот и обезбедат максимална продуктивност, ефективност и ефикасност. Со цел за подобро ракување со опремата организираме специјализирани предавања и тренинг за корисниците.**






# ЕЛЕКТРОТЕРАПИЈА

Опремата и апаратите за електротерапија на Iskra Medical овозможуваат широк распон на ниско и средно-фреквентни струи кои селективно го стимулираат нервниот систем сè со цел намалување на болка, враќање на природниот баланс на организмот и стимулација на мускулатурата. Програмата на Iskra Medical за електротерапија вклучува апарати за поединечна и комбинирана терапија со:

- **Дијадинамски струи (MF, DF, CP, LP)**
- **Интерферентни струи ( класична, векторска и дворолна интерферентна терапија)**
- **Галванска струја ( јонофореза)**
- **Руска стимулација**
- **Невро-мускулна стимулација**
- **ТЕНС**



## Medio DYN (1800215)

Едноканален апарат за електротерапија со ниско-фреквентни дијадинамски струи во четирите стандардни облици - MF, DF, CP и LP кој нуди опција и за дворолна интерферентна терапија, руска стимулација и јонофореза. Содржи преконфигурирани 18 програми за различни патологии и можност за креирање на 18 индивидуални програми.



## Medio IF (1800210)

Двоканален апарат за средно-фреквентна електротерапија со носечка фреквенција од 4000Hz со можност за изведување на класична, векторска и дворолна интерферентна терапија. Апаратот содржи преконфигурирани 27 програми за специфицирани патологии и дава можност за самостојно креирање на програми.



## Medio STYM (1800230)

Комплексен професионален апарат за мускулна стимулација, дијагностика и терапија за најразлични мускулни нарушувања. Дава можност за неколку терапевтски модалитети: триаголни импулси, квадратни импулси, руска стимулација и јонофореза.



## Medio MULTI (1800241) и Medio MULTI eco (1800503)

Двоканални апарати кои нудат целосна електротерапија вклучувајќи дијадинамски и интерферентни струи, ТЕНС, невро-мускулна стимулација, руска стимулација и јонофореза сето тоа во 16 различни облици на импулси. Содржат преконфигурирани терапевтски програми со опција за подесување на парамтерите во нив.

## УЛТРАЗВУЧНА ТЕРАПИЈА

### Medio SONO (1800226)



### Medio SONO2 eco (1800504)




Ултразвучниот бран е многу успешна терапевтска метода кај најразлични патологии на невро-мускулниот систем токму поради двете влијанија што ги има на ткивото, механичко и термичко. Акустичната енергија на ултразвучните бранови со навлегување во ткивото предизвикува вибрации на молекулите, на овој начин доаѓа до нивно триење кое резултира со ослободување на топлинска и механичка енергија. Зголемената температура во таргетираното ткиво предизвикува поголема снабденост на ткивото со крв и постепено придонесува до негово заздравување.

Апаратите за ултразвучна терапија на Iskra Medical поддржуваат терапевтски ултразвучни глави од 1MHz и 3MHz со големина од 1cm² и 5cm². Можат да се употребуваат како самостојни терапевтски уреди или пак поврзани со уредите за електротерапија на Iskra Medical.

Iskra Medical од својот асортиман нуди и апарати за комбинирана (збирна) терапија која освен ултразвук вклучува и електротерапија во еден единствен уред.

### Medio MULTISONO (1800240/1800242)



- 2 или 4 ултразвучни глави
- 1MHz или 3MHz, 1cm² или 5cm²
- Дијадинамски струи
- Четириполна интерферентна терапија
- Двополна интерферентна терапија
- Јонофореза
- ТЕНС
- Невро-мускулна стимулација

### Medio UniSONO eco (1800517)



- 1 ултразвучна глава
- 1MHz или 3MHz, 1cm² или 5cm²
- Четириполна интерферентна терапија
- Двополна интерферентна терапија
- ТЕНС
- Невро-мускулна стимулација



## МАГНЕТОТЕРАПИЈА

Почетоците на примената на магнетно поле за терапевтски цели се забележува уште од времето на античка Грција и Кина. Резултатите од употребата на магнетотерапијата покажале дека е едноставна, безбедна и успешна метода која наоѓа своја примена на повеќе полиња во медицината.

Iskra Medical нуди ниско-фреквентна магнетотерапија за физиотерапевтски цели преку следниве апарати:




### Medio PULSAR (1800020)

Триканален апарат со ниско-фреквентно пулсно магнетно поле променливо помеѓу 1Hz и 120Hz. Преносен и едноставен за употреба со максимална јачина на магнетно поле до 10mT. Преку преконфигурирани 35 програми и опција за приклучување на различни апликатори, го олеснува третирањето на различни индикации.

### Magneto PULSAR (1800011)

Двоканален апарат со ниско-фреквентно пулсно магнетно поле кој дава терапија преку соленоиди. Двата независни канали овозможуваат третман на двајца пациенти истовремено со максимална јачина на магнетно поле до 10mT и фреквенција од 1Hz do 100Hz. Апаратот содржи стандардни преконфигурирани програми како и опција за меморирање на индивидуални програми. Дополнителна опрема за Magneto PULSAR:

- Мал соленоид Φ 30cm со широчина на обрач 24,5cm (11501923)
- Среден соленоид Φ 55cm со широчина на обрач 31,5cm (11501926)
- Голем соленоид Φ 70cm со широчина на обрач 39,5cm (11501921)
- Дрвен кревет за Magneto PULSAR (1800040)



# ФУНКЦИОНАЛНА МАГНЕТНА СТИМУЛАЦИЈА - ФМС

Како производител на апарати за физикална терапија кој континуирано е во тек со најновите технолошки достигнувања, Iskra Medical создава апарат кој овозможува нова физиотерапевтска метода со употреба на магнетно поле, односно третирање на пациент преку ФМС – функционална магнетна стимулација.

Функционалната магнетна стимулација е стимулативна метода која преку брза промена на интензитетот на магнетното поле индуцира електрична струја во невроните. Штом струјата достигне одредена вредност, невроните постигнуваат т.н. акциски потенцијал. На овој начин невронот се деполаризира што всушност придонесува со целосна мускулна контракција, преку праќање сигнал до моторната единица. Оваа нова иновативна метода овозможува:

- Терапија со магнетно поле од 1,5 Tesla до 3 Tesla (најјака магнетна терапија во физикална терапија)
- Без контактна мускулна стимулација;
- Неинвазивна, удобна и безболна метода;
- Овозможува стимулација на длабоки мускулни структури наспроти електротерапијата;
- Едноставна терапија која не побарува посебни подготовки на пациентот;
- Без несакани дејства;
- Лесен пристап до секој дел од телото;
- Индивидуално прилагодување на параметри;
- Употреба во третман на инконтиненција и нарушувања на карлично дно.

**Индикации:**

- **Намалување акутна болка на мускуло-скелетниот систем;**
- **Зголемување циркулацијата на крв во ткивата;**
- **Дегенеративен ревматизам;**
- **Невритис;**
- **Нервна парализа и пареза;**
- **Невропатија;**
- **Посттрауматски состојби;**
- **Рехабилитација по имобилизација, спортски повреди и после удари;**
- **Постоперативни состојби;**
- **Забрзува заздравување на фрактури и рани.**
- **Нарушувања на ‘рбетот, зглобовите и мускулатурата;**
- **Нарушувања на карличното дно и третман на инконтиненција:**
  - **Ургентна, стресна и мешана уринарна инконтиненција;**
  - **Инконтиненција по радикална простатектомија;**
  - **Фекална инконтиненција;**
  - **Блага форма на спуштена матка и мочен меур;**
  - **Постоперативна рехабилитација на карлично дно и болки во карлично дно.**



FUNCTIONAL MAGNETIC STIMULATION

FMS

TESLA Care

TESLA Stym

**Tesla STYM (1800513)/**
**Tesla STYM Prestige (1800514)**

Двоканален апарат за функционална магнетна стимулација со два апликатори. Максимална јачина на магнетно поле од 1,7 и 2,5 Tesla со фреквенција од 1Hz до 80Hz.

**Tesla CARE (1800543)/**
**Tesla CARE Prestige (1800544)**

Четириканален апарат за функционална магнетна стимулација со максимална јачина на магнетно поле до 3 Tesla со фреквенција од 1Hz до 160Hz.



**Magneto STYM (1800016)/**
**Magneto STYM Prestige (1800417)**

Двоканален апарат за функционална магнетна стимулација со јачина на магнетно поле од 2,5 и 3 Tesla и фреквенција од 1Hz до 80Hz.

**Magneto CARE (1800520) /**
**Magneto CARE Prestige (1800521)**

Четириканален апарат за функционална магнетна стимулација со јачина на магнетно поле до 3 Tesla и фреквенција од 1Hz до 160Hz.

**1511306 голем ФМС апликатор**

**1511305 среден ФМС апликатор**



Столици за инконтиненција:

- 1600632 со позиција за 1 апликатор на дното на столицата;
- 1600638 со позиција за 1 апликатор на потпирачот на столицата;
- 1600635 со позиција за 2 апликатори на дното и потпирачот на столицата

# ВАКУУМСКА ТЕРАПИЈА

Апаратите за вакуумска терапија на Iskra Medical се компјутерски контролирани уреди кои се употребуваат за прикачување на електроди за телото на пациентот со вакуум. Можат да се употребуваат за самостојно давање на терапија или пак поврзани со уредите за електротерпија на Iskra Medical. Апаратите имаат 3 промениливи опративни модули:
- Континуиран вакуум;
- Нискo-фреквентен интермитентен вакуум;
- Високо-фреквентен интермитентен вакуум.

**Medio VAC eco (1800537)**



**Medio VAC (1800220)**



# РАДИЈАЛНА ЕНДОДЕРМНА ТЕРАПИЈА (RDT)

**Green VAC Exclusive (1800371)**



Патентираната радијална ендодермна терапија заснована на пулсирачки вакуум и специјално обликуваните апликатори со ротирачки топчиња, создава ефект на кружни кожни набори кои истовремено го масираат и растегнуваат сврзното ткиво. Преку овие апликатори на VAC апаратите на Iskra Medical се овозможува подобрување на микроциркулација, зголемување на еластичноста на сврзното ткиво, израмнување на кожата и лимфна дренажа.

Преку интермитентниот вакуум се зголемува количеството на кислород, олиго елементи и ензими во ткивото со што се стимулира продукција на колаген, создавање на нови здрави клетки и тонирање на мускулатурата.

**Комплет RDT и VAC апликатори (1512092)**



**Green VAC (1800356)**



**VAC Prestige (1800387)**





# КРИО ТЕРАПИЈА

Загревањето и ладењето како терапевтски методи се два најчести видови на пасивна и неинвазивна терапија. Преку креирањето на апаратот Medio CRYO кој овозможува оптимална и континуирано непроменлива температура, Iskra Medical ја поедноставува примената на оваа терапија и го скратува нејзиното времетраење.

- Лесно променлива температура од -4°C до 20°C за терапија со ладење;
- Лесно променлива температура од 30°C до 50°C за терапија со загревање.

**Medio CRYO (1800250) /**
**Medio CRYO Prestige (1800522)**



# ТЕРАПИЈА СО РАДИОФРЕКВЕНЦА

Во своите апарати за терапија со радиофреквенца, Iskra Medical ја воведува иновативната капацитивна технологија (CPTechnology). Со оваа технологија преку апликаторите се овозможува изедначено загревање на длабинските и поткожните ткива без болка. Револуционерната CPTechnology преку која се постигнува повисока температура на длабинското ткиво од површинското, ја исклучува потребата од ладење на површината на кожата.

**Physio STATION (1800410)/**
**Physio STATION Prestige (1800412)**



Иновативен апарат чија работа се заснова на револуционерната CPTechnology. Апарат кој овозможува длабинско загревање, радијална ендодермна терапија и крио терапија.

**Physio WAVE (1800407)/**
**Physio WAVE Prestige (1800406)**



Иновативен апарат за терапија со радиофреквенца чија работа се заснова на револуционерната CPTechnology.

# ЛАСЕРСКА ТЕРАПИЈА

Ласерската терапија како терапевтска метода се употребува за намалување на отоци, инфламации и хронична болка како на површинското така и на длабинското ткиво. Iskra Medical изработува универзален биостимулативен ласер со континуиран и пулсирачки ласерски сноп.

Апаратот поддржува ласерски сонди со континуиран ласерски сноп од 655nm и 810nm бранова должина, како и пулсна сонда со 904nm бранова должина.
Ласерскиот туш за овој апарат е со 708nm бранова должина и површина на плочка од 10cm² и 20cm².

## Medio LASER Combi (1800280)






# ЛИМФНА ДРЕНАЖА

## Green PRESS 5 (1800106)

Апарат за лимфна дренажа со 5 комори на манжетна кој содржи преконфигурирани 7 програми на работа и можност за конфигурирање на уште 7 индивидуални програми.

Апаратите за лимфна дренажа на Iskra Medical својата работа ја темелат врз принципот на мануелна лимфна дренажа. Делуваат преку пумпање на воздух со променлив интензитет на притисок во манжетните составени од 5, 8 или 12 комори. Интермитентниот притисок во коморите за време на дренажата стимулира повеќе васкуларни и лимфни структури што веднаш резултира со прилив на крв збогатена со нутритивни елементи елиминирајќи течности и метаболички отпад.





## Green PRESS 8 (1800104)

Апарат за лимфна дренажа со 8 комори на манжетна кој содржи преконфигурирани 7 програми на работа и можност за конфигурирање на уште 14 индивидуални програми.

# ШОКВЕЈВ - ТЕРАПИЈА СО УДАРЕН БРАН

Иновативна, неинвазивна терапија со ударен бран која се употребува за третирање болка и нарушувања на мускуло-скелетниот систем. Настанатата енергија од движењето на челичното топче под дејство на магнетното поле во главата на апикаторот, создава енергија која продира во ткивото во форма на ударен бран со што се стимулира заздравувањето на ткивото до степен на целосна регенерација.

## Medio S – Wave (1800529)

Двоканален професионален апарат за терапија со ударен бран со преконфигурирани програми и опција за подесување на параметри. Терапијата кај овој апарат се започнува со ножен прекинувач, при што терапевтот има слободни раце за манипулација со апликаторите.

- 3 големини на глава на апликатори (6mm; 15mm; 25mm).






## Green PRESS 12 (1800105)

Професионален медицински апарат за лимфна дренажа со 12 комори на манжетни. Содржи преконфигурирани 7 програми на работа и опција за конфигурирање уште 14 индивидуални програми.

**Апаратите за лимфна дренажа на Iskra Medical имаат можност и за приклучок на манжетна за рака (1600103).**

# ПРЕНОСНИ УРЕДИ

Акутната и хроничната болка го нарушуваат природниот еквилибриум на човековиот организам и создаваат притисок на нервниот систем. Наспроти аналгетиците кои се употребуваат за олеснување од болка, користењето на терапевтски уреди за домашна употреба е сè попопуларна метода за намалување па и целосно отстранување на болка без несакани дејства. Асортиманот на Iskra Medical од овој домен нуди преносни уреди за:

- **Електротерапија**
- **Ултразвучна терапија**
- **Комбинирана терапија (ултразвук и електротерапија)**



## Medio TENS eco (1800508)

Двоканален преносен уред со ТЕНС електрична стимулација.



## Medio EMS TENS eco (1800505)

Двоканален преносен уред со ТЕНС и мускулна електрична стимулација.



## Medio UniSONO mini (1800534)

Преносен уред за ултразвучна терапија (1Mhz) со електротерапија.



## Multi STYM eco (1800509)

Четириканален преносен уред за интензивна мускулна стимулација, естетска мускулна стимулација, ТЕНС, рехабилитација и релаксација. Има преконфигурирани:

- Спортски програми;
- Фитнес програми;
- Естетски програми;
- Васкуларни програми;
- Програми за масажа;
- Програми за намалување на болка;
- Програми за рехабилитација.



# КОЛИЧКИ ЗА АПАРАТИ И ПРЕНОСНИ КРЕВЕТИ ЗА МАСАЖА

| Trolley ECO (4900239) | Trolley Medio Eco (4900282) | Trolley Green Eco (4900281) | Trolley Prestige Eco (4900283) | Trolley 3S (4900310) |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |
| **Trolley VAC Eco (4900309)** | **Trolley Green Press (4900815)** | **Trolley Green Flash (4900170)** | **Trolley Tesla FMS (1600879)** | **Trolley Tesla (1600878)** |
|  |  |  |  |  |

**Trolley Pretige Plus white (1600858); silver (1600856)**



- Преносен кревет за масажа Eco (4900227)
- Преносен кревет за масажа Fizio (4900228 син; 4900229 портокалов; 4900230 црвен)
- Преносен кревет за масажа Metal (4900225 портокалов; 4900226 син)
- Преносен кревет за масажа Apple (4900231 син; 4900232 портокалов; 4900233 црвен)





**ЕЛМЕД ДОО**

ул.27 бр.16Г, 1041 Илинден – Скопје
Тел. +389 02 32-32-630 | +389 02 32-16-577
www.elmedmk.com.mk